Музеј на град Неготино

# ОПШТИНСКА УСТАНОВА МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО - НЕГОТИНО

www.muzejnegotino.mk tel:++389 43 361 712 email:muzejnagradnegotino@ymail.com

Врз основа на член 77-ж од Законот за културата ("Службен Весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен Весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18) и член 21,23,24,25,26 и 27 од Законот за работни односи (Службен Весник на РМ" бр. 167 од 28.09.2015), Измената на ЗРО од 15.02.2016 година и Измената на ЗРО од 29.06.2016 г., Директорот на Општинска установа Музеј на град Неготино на ден 22.10.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за избор на (1) едно лице давател на јавни услуги по објавен Јавен оглас

Во врска со објавениот Јавен оглас од 05.10.2024 година за вработување на (1) едно лице на работно место Кустос – Археолог на неопределено време, Директорот на Општинската установа Музеј на град Неготино ГО ПРИФАЌА предлогот на Комисијата за постапка за вработување доставен до него заедно со прилозите од прва и втора фаза за селекција и како давател на јавни услуги на неопределено време на работно место Кустос – Археолог (КУЛ 03 04 Д03 002), се избира лицето:

**СТОЈАНЧО АТАНАСОВ**

## Образложение

Постапката за вработување на даватели на јавни услуги во Општинска Установа Музеј на град Неготино е согласно Годишниот план за вработување за 2024 година бр. 04-96/1 од 06.07.2023 година, за кој има Позитивно мислење бр. 09-3215/2 од 12.09.2023 година од страна Министерството за информатичко општество и администрација, како и согласно обезбедената финансиска согласност со број 19-8840/2 од 19.09.2024 од Министерството за финансии.

Директорот на ОУ Музеј на град Неготино донесе Одлука бр.04/108/1 од 04.10.2024 година за распишување на Јавен оглас за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител, давател на јавни услуги Кустос – Археолог, со цел вработување на 1 (едно) лице на неопределено време.

Јавниот оглас за вработување на неопределено време на 1 извршител - Кустос – Археолог е објавен на ден 05.10.2024 година на огласната табла и веб страната на ОУ Музеј на град Неготино, Агенцијата за вработување и во три дневни весници: Нова Македонија, Вечер и Коха.

Рокот за пријавување на јавниот оглас беше 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

По завршувањето на рокот за пријавување, Комисијата пристапи кон првата фаза, односно административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас. Кандидатите кои ја поминаа првата фаза преминаа во втората фаза – Интервју кое се состои од општи прашања, општи компетенции, стручни прашања.

По завршувањето на постапката, комисијата достави Предлог до мене како Директор на ОУ Музеј на град Неготино за вработување на кандидатот кој освоил најмногу бодови, а воедно е и единствен кандидат пријавен на огласот Стојанчо Атанасов со освоени вкупно 93 бодови.

Соглано дадениот предлог и придружната документација се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлуката се објавува на огласната табла и веб страната на Музејот и по нејзината конечност ќе се донесе Решение за вработување на кандидатот.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволните кандидати имаат право на жалба во рок од 8 дена, која се доставува до Управниот Одбор на ОУ Музеј на град Неготино.

Доставено до:
- Архива
- Кандидат

**ОУ Музеј на град Неготино**
Директор,
Александар Донов